Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ"
ул. „16 Македонска бригада" бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-316/4**
**26.9.2023 година**

Врз основа на член 239 од Статутот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата 7-ма (седма) редовна седница одржана на ден 26.9.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за започнување на постапка за избор на декан**
**и формирање изборна комисија**

1. Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" Скопје започнува постапка за избор на декан за мандатниот период од 31.3.2024 до 30.3.2027 година.
2. Пријавувањето на кандидатите започнува од денот на донесувањето на оваа одлука и трае до 25.10.2023 година, односно 30 дена од денот на донесувањето на одлуката.
3. За спроведување на постапката за избор на декан на Факултетот, се формира Изборна комисија, во следниот состав:
   - проф. д-р Владимир Малетиќ, претседател
   - проф. д-р Дана Дина Колевска, член
   - проф. д-р Ирена Папазова Анакиева, член
4. Пријавените кандидати, преку архивата на Факултетот, до Изборната комисија од точка 3 на оваа одлука, доставуваат пријава и програма за работа во хартиена и електронска форма, за наведениот мандатен период.
5. Изборната комисија ги доставува пријавите и програмите за работа на кандидатите за декан (електронската верзија) до членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" Скопје, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.
6. Наставно - научниот совет на Факултетот, на седница која ќе се одржи во октомври 2023 година ќе се изјасни за еден од предложените кандидати, со тајно гласање, што ќе го спроведе Изборната комисија од точка 3 на оваа одлука и која ќе ги објави резултатите од гласањето.
7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:**
- ННС
- УКИМ – Ректорат
- Веб страната на факултететот
- Секретар
- Архива
- Огласна табла

**декан**
**проф. д-р Кирил Сотировски**